Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2019 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр.13/2018), Советот на Општина Карпош, на 28-та седница, одржана на 17.10.2019 година, и врз основа на Одлуката за објавување на оглас за реализација на проекти од од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година бр.09-7197/19 („Службен гласник на Општина Карпош бр. 18/2019 ) Општина Карпош објавува

# ОГЛАС

**За реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година**

## I. Право на пријавување

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица, правни лица, здруженија на граѓани и фондации кои се занимаваат со предметната дејност и/или се регистрирани за дејноста еднакви можности меѓу жените и мажите, а ќе биде наменета за реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите, против насилството врз жените, мажите и децата и нивното здравје и превенирање на врсничкото насилство во основните училишта на територијата на Општина Карпош за 2019 година.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

Заинтересираните физички и правни лица, како и НВО секторот, потребно е да ги достават следните документи:

- Предлог проект за соодветната област
- Финансиски план на проектот

Покрај тоа:

- **За физички лица:**
  - Фотокопија од лична карта,

- авторски проект кој е потребно да содржи елаборат или заверен проект од овластено правно лице ,

- **За правни лица, здруженија на граѓани и фондации:**

- Статут и решение за регистрација на правните лица, здруженија и фондации
- Извештај за работата за предходната година
- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
- Референтна листа за изработени проекти (искуството со проекти во локалната самоуправа ќе се смета за предност)

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на еднакви можности меѓу жените, мажите и децата

1. Проектот да е од посебен интерес за граѓаните-жители на Општина Карпош
2. Проектот да нуди методи за подигање на свеста за постоење на семејното насилство и негово препознавање и помош на жртвите од семејно насилство.
3. Проектот да нуди промоција и имплементација на практики за еднакви можности на жените, мажите и децата и промоција на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој.
4. Проекти кои ќе се однесуваат на подигање на свеста за постоење на насилство помеѓу учениците од основните училишта
5. Подигање на свеста за изедначување на можностите кај учениците од основните училишта со акцент на нивното здравје, раст и развој

## IV. Висина на Финансиската поддршка и рангирање

- За остварување и реализација на проекти во висина до 30.000,00 денари, Градоначалникот на Општина Карпош формира Комисија за еднократна помош. Оваа еднократна финансиска поддршка ќе се доделува еднаш во годината и ќе ја определнува Комисија составена од пет члена (три члена од општинската администрација и два члена од членовите на Советот).

- За проектите чиј што износ е повисок од 30.000,00 денари, кои ќе се изберат врз

основа на предходно (горeспоменатите) утврдени критериуми ќе одлучуваат тројца представници од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Карпош, Координаторот за еднакви можности и еден представник од општинската админитрација.

- Одобрените проекти се доставуваат до Градоначалникот на Општина Карпош и до Советот на Општина Карпош на разгледување и усвојување.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. „ Радика “ бр. 9 – Скопје или во Архивата на Општина Карпош, барака бр. 2, со ознака „ Не отворај “ и со назнака „ За реализација на проекти од областа на еднакви можности на жените и мажите за 2019 година “.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот временски е ограничен до 31.12.2019 година, или важи до исцрпување на предвидените финансиските средства за оваа намена.

Некомплетните документи нема да бидат разгледувани.

**ОПШТИНА КАРПОШ**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk*